лемики

Министерството за култура прави хајка врз културата

# Неколку прашања до министерката за култура

SВЕЗДАН ГЕОРГИЕВСКИ

*Дека историјата навистина се повторува како фарса, зборови на еден уредник на културна редакција во дневен весник, потврдува повторно случајот Мала станица. Зошто независните медиуми не покренаа иницијатива во 2000 година кога е констатирано дека не се почитува договорот според кој е издаден на користење објектот на ул. Железничка бр. 18 и е заклучено дека тој треба да се даде на лицитација за изнајмување на некоја фирма. Она што го направи Министерството за култура за овој објект беше всушност борба за негово зачувување за културни цели. Зошто сега, кога е овој објект дефинитивно зачуван за културата и кога успеавме да го наметнеме на УНЕСКО и да го искористиме за неформално промовирање на Република Македонија во културна престолнина на земјите од Југоисточна Европа, се прави хајка? Дали можеби овој успех на Министерството е вистинската причина за хајката или сето тоа има "некако сосема случајно" врска со претстојните избори?*

Ова е цитат од еден текст една министерка за култура во Владата на Македонија. Но, сепак, да не ги збунуваме читателите: зборовите "историјата се повторува како фарса" не се зборови на ниту еден уредник на ниту една културна редакција во ниту еден овдешен дневен весник, тоа е фраза искористена за потребите на текстот *Големиот тоталитаризам во "Мала станица"*, чиј автор е горепотпишаниот (во моментот на функција уредник на културната рубрика на "Утрински весник"), а кој (текстот) е објавен во саботниот број на "Утрински", додека авторот на горенаведениот цитат (од текстот *Ја зачувавме "Мала станица" за културни цели*, објавен во бројот на "Утрински" од средата, 24 април), јасно, е госпоѓата Ганка Самоиловска-Цветанова, во моментов на функција министер за култура во Владата на Република Македонија.

Се разбира дека начинот на искажување некакви ставови не мора да биде пресуден по самите ставови, освен ако токму поради начинот на исказот тие ставови останат не разбрани или, уште полошо, погрешно разбрани. Очигледно е дека тоа се случило со мојот текст од саботниот број на "Утрински", барем во начинот на неговото интерпретирање од страна на госпоѓата Самоиловска.

Значи, во што се разликуваме со министерката: во мојот текст буквално стои: *Можеби навистина на Скопје, па и на оваа држава повеќе му беше потребно тој простор во владение да го има некој стопански субјект, отколку културна иницијатива.* Тоа е и одговорот на прашањето зошто медиумите ("Утрински") не реагирале кога Владата заклучила "објектот на Железничка бр.18" да го даде на лицитација за изнајмување на некоја фирма.

А зошто реагира сега?

Јасно е дека како човек кој подолго време, на овој или оној начин, е инволвиран во македонските културни збиднувања, длабоко сум заинтересиран за збогатување на квалитетот на културното живеење, што подразбира и збогатување на таканаречената културна инфраструктура. Но, зошто Министерството за култура не се поведе по примерот на Владата и не го даде на лицитација за изнајмување на некоја фирма, која ќе го користи за културни цели? Зошто Министерството, ако веќе не му недостасуваат иницијативи, не го анимираше невладиниот сектор, на пример, за оваа намена (кога веќе го анимира околу финансирањето на законски проекти, што бездруго е основната задача не на невладиниот сектор, ами на Министерството)? Зошто, наспроти ова, Министерството е склоно самото да ги пропишува културните потреби на луѓето и самото да создава - уметност?! Зошто Министерството мисли дека со монополизирање на културата се создава квалитет? Врз база на кои (и чии) согледувања се прави Куќа на уметноста? Дали помислило Министерството зошто нема вистински алтернативни театарски групи кај нас (или ги има во премал број)? Дали можеби затоа што нема соодветна алтернативна сцена, на пример? Доколку овие и слични на овие прашања добијат соодветни одговори, можеби и "Утрински" ќе прекине да апелира за форсирање на приватизацијата во културата.

Претпоставувам дека и делот од текстот на министерката околу хајката врз Министерството се однесува на "Утрински", зашто овој весник даде најмногу простор за проблемите на кои се осврнува текстот. Не верувам дека треба нешто да се одговара на оваа теза, бидејќи културната рубрика на "Утрински весник" од неговото формирање (тоа читаелите добро го знаат, а и министерката може да се потсети) секогаш работела за афирмирање и унапредување на творештвото, и секогаш го поддржувала Министерството кога ќе ги почувствувала истите импулси кај него. Во овој случај ни се чини дека Министерството за култура прави хајка токму врз - културата!

Имаше уште нешто? А, да, избори! Навистина, кој спомна избори!

---

онија"

ј македонски дом, бидејќи "Личонија" ги препорачувам не само фско издание туку и како сублила верзија на историјата на македиве 3000 години." Христо Андова дека" енциклопедискиот имеедност што ќе ги задоволи патва на секој вистински Македонајпрвин опфаќа личности од Македонија, од Република Маинскиот дел на Македонија, па очниот дел на денешна Албанижна одлика на трудот е тоа деигнале над своите партиски опните убедувања и во Именикот о позитивни личности, туку и и од еден дел од јавноста ќе бини како негативни."

текот на викендот, на штандот рите ќе го потпишуваат на чи-

(Н.П.)